# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

**Александар Туфекчиевски[1,2], Зоран Т. Поповски[3,2], Владо Димовски[4], Герман Боглев[3]**
**[1]Факултет за физичка култура – Скопје, [2]Федерација за училишен спорт на Македонија – Скопје, [3]Лабораторија за биохемија, молекуларна биологија и ГМО – Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, [4]ОУ Кузман Јосифовски – Питу, Кичево**

Сериозната иницијатива на државата за градење на спортски објекти отвора вистинска перспектива за развој на спортот во Република Македонија. Овој проект е во функција на зајакнување на организацискиот модел на училишниот спорт, со кој веруваме дека ќе се постигнат поефикасни резултати во развојот на целокупниот спорт во нашата држава. Развојот на спортот зависи од повеќе фактори, кои треба интегрално да се гледаат. Во проектов како основа за компатибилно организирање во училишниот спорт прифатена е следнава платформа за развој на спортот.

## ПЛАТФОРМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Подобра спортска иднина во Република Македонија гледаме во сериозниот пристап кон остварување на следниве **цели**:

- *Учество на поголем број лица во спортот од сите возрасти и двата пола од сите социјални групи без оглед на етничката и верската припадност.*
- *Постигнување подобри резултати на врвните спортисти на меѓународни натпревари.*

Остварувањето на овие две основни цели директно е поврзано со решавање на следниве покрупни **проблеми**:

- *Недоволните можности за спортување на децата и младите.*
- *Губењето на интерес за спортување кај повозрасните.*
- *Најталентираните тешко стигнуваат до врвот.*
- *Организирањето и спортскиот менаџмент не се доволно усогласени и не се професионални.*

Развојот на спортот во Република Македонија е условен од систем на мерки кои треба да се превземат примарно во образованието, локалната самоуправа, фискалната политика, правниот систем, финансирањето и меѓународната соработка.

Фундамент за развој на спортот треба да претставуваат добро организирани спортски активности во **образовните институции**. Подигнувањето на нивото на организација на училишниот и студентскиот спорт ќе резултира со зголемување на масовноста од една страна, но и со можност за квалитетна селекција на врвни спортисти од друга страна. Фактот што целната група на овие активности е училишна популација од околу 400.000 млади луѓе е потврда дека во оваа сфера треба сериозно да се интервенира. Не помалку важно е што со ваква интервенција ќе се подигне нивото на општата физичка состојба кај децата која во овој момент е загрижувачка заради појавата на високиот процент на деформитети.

Мерките кои треба да се превземат во оваа сфера би биле:

- осмислување и организирање на настава по спортски активности во одделенска настава во основното образование преку интегрирање на проектот Забавен училишен спорт;
- организирање на дообука на одделенски наставници и делумно вклучување на професори по физичко воспитување во реализиација на овој предмет во одделенската настава;
- фомирање на училишни спортски клубови во сите основни и средни училишта како основна клетка за организирање на спортските активности во образованието;
- курикуларни промени во наставните програми по физичко воспитување во сите нивоа на образование кои ќе обезбедат зголемување на интересот кај младите за спорт и ќе обезбедат база за развој на различни спортови;
- посериозен однос на државата во организацијата на училишните олимпијади преку соодветна финансиска поддршка на Федерацијата за училишен спорт;

- курикуларни промени во високото образование со кои ќе се обезбеди стекнување на компетенции во спортското менаџерство;
- подигнување на нивото на организација на универзитетскиот спорт како услов за развој на врвниот спорт по примерот на развиените земји во светот.

Развојот на спортот е условен и од создавање на соодветни **правни претпоставки** преку донесување на посебен закон со кој ќе се обезбедат **фискални мерки** за унапредување на спортот преку даночни олеснувања на компании кои го спонзорираат спортот. Освен од овие извори, развојот на спортот финансиски би требало да се поддржува и со одредени зафаќања од игрите на среќа каде што во фокусот се спортските натпревари, како и од даночните обврзници - производители на алкохолни пијалоци и цигари. Овие зафаќања би имале третман на посебен данок. Сите овие средства заедно со државната контрибуција треба да се слеат во единствен **Фонд за развој на спортот** во Република Македонија.

Имајќи ја предвид економската ситуација и големината на државата се наметнува потребата од **селективно финансирање** на оние спортови во кои Република Македонија може да постигне врвни спортски резултати. Тоа не значи целосно занемарување на другите спортови, туку обезбедување на поддршка која ќе овозможи нивно опстојување. Изборот на спортови во кои ќе се вложува повеќе од вообичаено треба да се заснива на сериозна анализа на сите елементи почнувајќи од интересот на младите, тренерската база, техничките и просторни претпоставки.

**Грижата за помлади категории спортисти** е исто така важен услов за развој на спортот. Таа треба да се изразува преку:

- обезбедување на учество на репрезентативните селекции во кадетска и јуниорска конкуренција на меѓународни натпреварувања;
- развивање на спортската гимназија како образовна институција во која ќе постојат услови за едукација на идните врвни спортисти;
- организирање на систем на натпревари во популарните спортови за помладите категории со олеснувања во однос на финансиските обврски на клубовите.

Заради поцелисходно користење на финансиска поддршка од **меѓународни извори** во функција на развојот на спортот неопходно е создавање на тимови на компетентни професионалци кои би обезбедувале полесен пристап до фондовите за развој на младинскиот спорт во различни меѓународни спортски асоцијации.

Клучен фактор за развој на спортот во Република Македонија ќе треба да бидат **единиците на локалната самоуправа** кои со завршувањето на отпочнатите спортски сали ќе добијат неопходни услови за развој на спортот, а од друга страна во своите буџети би обезбедиле финансиска поддршка на масовниот спорт, како и за интересите на локалната заедница.

Како и во секоја друга област, така и во спортот треба да се обезбеди научна поддршка на неговиот развој. Понатамошното отсуство на научните истражувања во спортот ќе предизвикуваат и во иднина импровизации со несогледливи последици. Затоа ќе биде неопходно во соработка со Факултетот за физичка култура или посебно да се востанови научна единица - **Институт за спорт** каде научно ќе се фундира развојот на спортот во Република Македонија.

Со оваа предлог - платформа за развој на спортот во нашата држава сакаме да поттикнеме глобално размислување и локално дејствување, со искрена желба владината програма да ги покрене вистинските механизми за развој на оваа важна општествена дејност.

## ПЕРСПЕКТИВИ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи ги предвид стратешкото значење на училишниот спорт за развој на целокупниот спорт, неговиот допринос за антрополошкиот развој на младата генерација и неговата позитивна улога во борбата против пороците, неопходно е да се посвети поголемо внимание за перспективите на училишниот спорт во Република Македонија. Основните предуслови за успешно функционирање на училишниот спорт се стручниот кадар, спортските објекти во училиштата, интересот на учениците за спортување и се разбира организирањето на воннаставните активности. Организирањето на училишниот спорт започнува со стручните активи на наставниците по физичко и здравствено воспитание во основните, односно со професорите по спорт и спортски активности во среднитете училишта, кои во суштина претставуваат училишни спортски друштва. Потоа, училишните спортски друштва (клубови) заради вклучување во системот на натпревари надвор од училиштето се здружени во општински организации за училишен спорт, кои се членки во Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

Ваквиот начин на организирање го овозможува класичниот систем на натпревари почнувајќи со меѓуодделенските, преку општинските, зонските, меѓузонските и завршувајќи со државните првенства и училишните олимписки игри, кои во непарните години се одржуваат за основните училишта, наречени Мали олимписки игри, а во парните години за средните училишта, наречени Гимназијади. На крај од вертикалното организирање на секои две години овозможено е учество на светски првенства, а на четири година на светските гимназијади. Овој класичен систем на натпревари подразбира примарно квалитет каде до израз доаѓаат најталентираните ученици кои во најголем број се вклучуваат во клубскиот спорт.

За помасовно ангажирање на учениците во спортските активности во рамките на училиштето и општината, од страна на Федерацијата на училишен спопрт на Македонија покрената е иницијатива за проширување на постоечкиот организациски модел во согласност со актуелниот процес на децентрализација, кој е поволен за зајкнување и проширување на општинскиот училишен спорт. Имено, покрај квалитетниот училишен спорт, кој традиционално скоро половина век успешно функционира, се отвора перспектива за масовниот училишен спорт организиран од училишните спортски клубови (друштва) и општинските организации за училишен спорт.

Масовниот училишен спорт перспективно може да се развива во два сегменти. Првиот е отворање спортски школи, а вториот е забавниот училишен спорт. Спортските школи се наменети за учениците кои се заинтересирани за одредена спортска дисциплина и подразбира нивно вклучување во училишниот и општинскиот систем на натпревари во пет категории посебно за двата пола. Првата категорија е за учениците од трето и четврто одделение, втората за петто и шесто, третата за седмо и осмо одделение во основните училишта , а четвратата за прва и втора и петтата категорија за трета и четврта година во средните училишта. Спортските школи во училиштата поткрепени со овој систем на натпревари претставуваат вистински темел за квалитетниот училишен спорт, каде понатака најдобрите ученици во дадениот спорт ги бранат боите на своето училиште во класичниот систем на натпревари до највисоко ниво.

Перспективата на подсистемот спортски школи организиран од училишните спортски клубови е голема, што се потврдува со позитивните искуства во повеќе училишта и општини каде директорите и градоначалниците го поддржуваат овој концепт. Имајќи ги предвид сите предуслови за организирање на спортски школи, без поголеми потешкотии може да се активираат околу двеста стручни лица и десетина илјади ученици.

Вториот сегмент во масовниот училишен спорт наречен забавен училишен спорт се однесува за учениците од прво до четврто одделение од основното образование. Овој забавен концепт подразбира активности со сите ученици во одделението каде играта има доминантно место во програмата проткаена со основна спортска техника од разни дисциплини. Имајќи ги предвид досегашните искуства во оваа сфера, постојните просторни услови со кадровскиот потенцијал во училиштата, како и големиот интерес на учениците за спортување, интересот на родителите за спортување на нивните деца и големиот број невработени професори по физичка култура, реално може да се очекува голема перспектива за ангажирање на околу двеста стручни лица и над петнаесет илјади одделенци од целата Република.

Редовната настава по предметот физичко и здравствено образование за ученици од прво до четврто одделение се реализира со фонд од три часа неделно. Заради потешкотиите за организирање на оваа настава добро е на еден редовен час во неделата да се ангажира стручно лице со факултет за физичка култура, а исто така и на еден воннаставан час според програмата на училишното спортско друштво, односно клуб. Имајќи го предвид богатото организациско искуство, Федерацијата на училишен спорт на Македонија верува дека со подршката од Министерството за образование и наука заедно со Агенцијата за млади и спорт, а особено сега и од општините, примената на овој проширен организациски модел видно ќе го зголеми процентот на учениците ангажирани во спорт, што претставува заеднички интерес и на спортот и на образованието, а со тоа и на целото општество.




## ПРОГРАМСКО - ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ПРЕКУ УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Еден од примарните приоритети во наредните години е **формирањето на училишни спортски клубови** и општински организации за училишен спорт како правни лица, преку кои на легален начин ќе се отвораат спортски школи во кои ќе се ангажираат и невработени стручни кадри.

За таа цел неопходна е поинтензивна соработка со локалната власт и раководството на училиштето, со што ќе се овозможи и поголем развој на општинскиот систем на натпревари во певеќе возрасни категории и повеќе спортови. За остварување на тоа се планира поставување **на координатори за развој на општинскиот училишен спорт** во сите општини, односно региони, кои ќе бидат поддржани и од централната и од локалната власт преку Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

Отпочнување на помасовно **организирање на спортски активности со учениците од одделенска настава** преку сегментот Забавен училишен спорт, каде може да се очекува активирање над двеста невработени стручни кадри од физичкото образование и спортот.

Трансформирање на системот на натпревари во општински, зонски и државни спортски лиги е добра перспектива за развој на училишниот и клубскиот спорт, со што спортот ќе го добие вистинското место во општеството.

Овие покрупни стратешки определби за развој на училишниот спорт, а со тоа и на спортот во целина се од суштинско значење за отворање нови хоризонти во севкупниот општествен развој на Република Македонија.

## ФИНАНСИСКИ ПОТРЕБИ

Зајакнувањето на организацискиот модел на училишниот спорт во Република Македонија очекуваме успешно да го реализираме за осум месеци. Планираните средства за имплементација на проектов дефинирани се во следниов **буџет**:

1. Формирање на училишни спортски клубови и организациско зајакнување на општинските организации за училишен спорт со стимулации за покривање на основните програмски содржини (за 200 училишни спортски клубови по 10000 денари = 2000000 денари и за 40 општински организации по 20000 денари = 800000 денари).

**Вкупно: 2800000 денари**

2. Одговорни лица за организирање (1 републички координатор = 150000 денари, 3 регионални координатори по 50000 ден = 150000 денари, 1 администратор = 100000 ден и 30 општински координатори по 30000 ден = 900000 денари).

**Вкупно: 1300000 денари**

3. Организирање републички, регионални и општински семинари со стручни лица, состаноци со одговорните координатори, со единиците на локална самоуправа и училиштата.

**Вкупно: 500000 денари**

4. Канцелариски, транспортни и мониторинг трошоци.

**Вкупно: 400000 денари**

**ВКУПНА СУМА ЗА ПРОЕКТОТ : 5.000.000 ДЕНАРИ**

Заради претходно кажаното и големото искуство на Федерацијата, со овој проект очекуваме во 2009 година да се ангажираат над двеста невработени стручни лица со околу десет илјади нови млади спортисти, со тенденција во наредните години овие бројки да растат.

## MACEDONIAN SPORT DEVELOPMENT THROUGH SCHOOL SPORT

**Aleksandar Tufekchievski[1], Zoran T. Popovski,[2,3] Vlado Dimovski[4], German Boglev[3]**
**Faculty of Physical Education – Skopje, [2]Laboratory for Biochemistry, Molecular Biology and GMO – Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje, [3]School Sport Federation of Macedonia – Skopje, [4]PS Kuzman Josifovski – Pitu, Kichevo**



**Александар Туфекчиевски, д-р**
**Институција:** Факултет за физичка култура – Скопје
**Адреса:** ул. Железничка бб, 1000 Скопје
**Е-пошта:** biotufek@yahoo.com
**Веб страна:** www.biomehanika.com.mk

**Зоран Т. Поповски, д-р**
**Институција:** Лаборатоција за биохемија, молекуларна биологија и ГМО – Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
**Адреса:** Александар Македонски бб, 1000 Скопје п.ф. 297
**Е-пошта:** zoran_popovski@yahoo.com



**Владо Димовски**
**Институција:** ОУ Кузман Јосифовски – Питу, Кичево
**Е-пошта:** brsjakmk@yahoo.com



**Герман Боглев**
**Институција:** Федерација на училишен спорт на Македонија
**Адреса:** Градски парк бб, Кошаркарска сала Работнички П. Фах 5, 1000 Скопје
**Е-пошта:** fusmak@yahoo.com
**Веб страна:** www.fusmak.org.mk